


ВЕСТИ (HTTPS://TELMA.COM.MK/KATEGORIJA/VESTI/)

# Двајца убиени во воружен грабеж на казиното „Вегас“ во Качанички пат

4,47 часот рано утринава. Четворица добро вооружени и маскирани напаѓачи влетале во казиното Вегас лоцирано на патот Скопје-грараничен премин Блаце. Во казиното имало многу гости – видно вознемирени. На патот им налетал 22 годишен државјанин на Косово кој во гужвата се обидел да избега. Тој е првата жртва, бил убиен со огнено оружје на лице место. Откако напаѓачите ги земале парите од казиното, човек од обезбедувањето на казиното, 20 годишен жител на Крушопек, кој според информации на Телма бил спортист-борач, се обидел да ја тргне маската на еден од напаѓачите. Бил убиен со удар со пушката.

- Во 04.47 часот во СВР Скопје било пријавено дека во казино на улица „Јадранска магистрала“ во Скопје влегле четири вооружени лица и почнале да пукаат кон присутните, при што го погодиле В.Х. (22) од Косово, кој починал на местото. Б.Н.(20) од с. Крушопек, скопско, ангажиран како приватно обезбедување во казиното, со кундак бил

> удрен во главата, по што и тој починал. Според пријавеното, потоа од касата го одзеле дневниот промет и заминале. Увид на местото извршила екипа од СВР Скопје и се преземаат мерки за пронаоѓање на сторителите и за расчистување на случајот.

Луѓето кои ги сретна нашата екипа пред казиното Вегас не сакаа да зборуваат пред камера за немилиот настан. Наидовме на другари на убиениот борач од Крушопек, кои беа видно потресени. Вработените на бензинската пумпа пак лоцирана во близина на казиното велат дека се било добро смислено и се одвивало внатре – никој не слушнал пукање.

Напаѓачите пешки преку нивите стигнале од задниот дел стигнале до казиното. А избегале пешки преку улицата пак накај нивите, каде најверојатно ги чекало возило. Ова според извори од истрагата  го покажале надзорните камери на објектот. Се гледало и возило кое им блиндира на вооружените напаѓачи за да не ги прегази додека претрчуваат преку улицата. Колку пари се одземени од казиното, за сега никој не открива. Инаку ова не бил прв грабеж на казиното. Имало уште еден пред неколку месеци, во кој никој не настрада. Тогаш во јавноста излегоа и снимки од камерите во објектот, а неофицијално беа одзермени околу 80.000 евра. Тогаш и сопственикот апелираше до МВР побрзо да трага по сторителите.

Александра Филиповска



СПОДЕЛИ

Објавено на 15 февруари, 2020 во 16.01 ч.

© 2020 Телевизија Телма. Сите права се задржани.
Текстов не смее да се печати или емитува, во целина или во делови, без договор со Телевизија Телма.

## СЛИЧНИ ТЕКСТОВИ



ВЕСТИ (HTTPS://TELMA.COM.MK/KATEGORIJA/VESTI/)
(https://telma.com.mk/71518-2/)

(https://telma.com.mk/71518-2/)

Најголемиот ниско-буџетен превозник во Централна и Источна Европа, Визер, денеска објави дека рутите за Милано...

**Прочитај повеќе** (https://telma.com.mk/71518-2/)




(https://telma.com.mk/shoferot-na-avtobusot-so-koj-dopatuvaa-dvajtsata-zaboleni-luge-e-negativen-na-korona-virus/)

ВЕСТИ (HTTPS://TELMA.COM.MK/KATEGORIJA/VESTI/)

## Шоферот на автобусот со кој допатуваа двајцата заболени луѓе е негативен на корона вирус (https://telma.com.mk/shoferot-na-avtobusot-so-koj-dopatuvaa-dvajtsata-zaboleni-luge-e-negativen-na-korona-virus/)

Министерството за здравство соопшти дека шоферот на автобусот со кој допатуваа двајцата ново-заболени пациенти е...

**Прочитај повеќе** (https://telma.com.mk/shoferot-na-avtobusot-so-koj-dopatuvaa-dvajtsata-zaboleni-luge-e-negativen-na-korona-virus/)



(https://telma.com.mk/retseptot-na-101-godishniot-tsane-od-borilchevo-za-dolg-zhivot-bez-tsigari-no-po-edna-chashka-rakija-dnevno/)

ВЕСТИ (HTTPS://TELMA.COM.MK/KATEGORIJA/VESTI/)

## Рецептот на 101-годишниот Цане од Борилчево за долг живот – без цигари но по една чашка ракија дневно (https://telma.com.mk/retseptot-na-101-godishniot-tsane-od-borilchevo-za-dolg-zhivot-bez-tsigari-no-po-edna-chashka-rakija-dnevno/)

Цане Гелевски е најстариот маж кој живее во Брегалничкиот регион, постара од него е само...

**Прочитај повеќе** (https://telma.com.mk/retseptot-na-101-godishniot-tsane-od-borilchevo-za-dolg-zhivot-bez-tsigari-no-po-edna-chashka-rakija-dnevno/)




ВЕСТИ (HTTPS://TELMA.COM.MK/KATEGORIJA/VESTI/)
(https://telma.com.mk/za-edna-nedela-ke-pristignat-pasoshite-od-germanija/)

## За една недела ќе пристигнат пасошите од Германија (https://telma.com.mk/za-edna-nedela-ke-pristignat-pasoshite-od-germanija/)

За една недела се очекуваа да пристигнат пасошите од Германија, согласно комуникацијата на Министерството за...

**Прочитај повеќе** (https://telma.com.mk/za-edna-nedela-ke-pristignat-pasoshite-od-germanija/)

## Последни вести

(без наслов) (https://telma.com.mk/71518-2/)

Шоферот на автобусот со кој допатуваа двајцата заболени луѓе е негативен на корона вирус (https://telma.com.mk/shoferot-na-avtobusot-so-koj-dopatuvaa-dvajtsata-zaboleni-luge-e-negativen-na-korona-virus/)

Рецептот на 101-годишниот Цане од Борилчево за долг живот – без цигари но по една чашка ракија дневно (https://telma.com.mk/retseptot-na-101-godishniot-tsane-od-borilchevo-za-dolg-zhivot-bez-tsigari-no-po-edna-chashka-rakija-dnevno/)

За една недела ќе пристигнат пасошите од Германија (https://telma.com.mk/za-edna-nedela-ke-pristignat-pasoshite-od-germanija/)

Партиска препирка за тоа кој подобро управувал со ЕЛЕМ (https://telma.com.mk/partiska-prepirka-za-toa-koj-podobro-upravuval-so-elem/)

(https://telma.com.mk/kategorija/tv-vesti/?posledno)

(https://telma.com.mk/kategorija/top-tema-na-vasha-strana/)

***ВЕСТИ***

***ТОП ТЕМА НА ВАША СТРАНА***

(https://telma.com.mk/kategorija/nokjno-studio/?posledno)

(https://telma.com.mk/kategorija/kod/?posledno)

***НОЌНО СТУДИО***

***КОД***

(https://telma.com.mk/kategorija/win-win/?posledno)

(https://telma.com.mk/vremenska-prognoza)

***WIN-WIN***

***ВРЕМЕНСКА ПРОГНОЗА***

**Топ Тема на Ваша Страна** **Топ Тема**

БИДИ ВО ТЕК СО НАЈНОВИТЕ ВЕСТИ

Вашата E-mail адреса

ПОВРЗИ СЕ СО НАС

ВЕСТИ

МАКЕДОНИЈА (HTTPS://TELMA.COM.MK/KATEGORIJA/VESTI/MAKEDONIJA/)

ЕКОНОМИЈА (HTTPS://TELMA.COM.MK/KATEGORIJA/VESTI/EKONOMIJA/)

СВЕТ (HTTPS://TELMA.COM.MK/KATEGORIJA/VESTI/SVET/)

ЗАБАВА (HTTPS://TELMA.COM.MK/KATEGORIJA/VESTI/ZABAVA/)

КУЛТУРА (HTTPS://TELMA.COM.MK/KATEGORIJA/VESTI/KULTURA/)

## СПОРТ

ФУДБАЛ (HTTPS://TELMA.COM.MK/KATEGORIJA/SPORT/FUDBAL/)

КОШАРКА (HTTPS://TELMA.COM.MK/KATEGORIJA/SPORT/KOSHARKA/)

РАКОМЕТ (HTTPS://TELMA.COM.MK/KATEGORIJA/SPORT/RAKOMET/)

ФОРМУЛА 1 (HTTPS://TELMA.COM.MK/KATEGORIJA/SPORT/FORMULA-1/)

ВАТЕРПОЛО (HTTPS://TELMA.COM.MK/KATEGORIJA/SPORT/VATERPOLO/)

## ТЕЛЕВИЗИЈА ТЕЛМА

Ул. Никола Парапунов 51

1000 Скопје Република Македонија

Тел. (+389 2) 307 66 77

Факс. (+389 2) 3077 279

e-mail: Telma@telma.com.mk (mailto:telma@telma.com.mk)

ПОЧЕТНА (/TELMA/) ВЕСТИ (HTTPS://TELMA.COM.MK/KATEGORIJA/VESTI/)
СПОРТ (HTTPS://TELMA.COM.MK/KATEGORIJA/SPORT/)
ПРОМО ТВ (HTTPS://TELMA.COM.MK/KATEGORIJA/PROMO-SERII-I-FILMOVI/)
ФИЛМОВИ (HTTPS://TELMA.COM.MK/KATEGORIJA/FILMOVI/)
ПРОГРАМА (/PROGRAMA) КОНТАКТИ (HTTPS://TELMA.COM.MK/KONTAKTI/)
АРХИВА (HTTPS://TELMA.COM.MK/ARHIVA)

© 2020 ТЕЛМА | WEB BY GLITCH AGENCY (HTTPS://WWW.GLITCH.AGENCY/)